Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.12 - 1021/2

Скопје 24.09 2020

До

Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

РЕШЕНИЕ

**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме за следното:

1. Во текот на 2020 година како резултат на Ковид – 19, Министерството за внатрешни работи нема искористено средства од постојаната и тековна резерва за непредвидени случаи.

2. Како резултат на пандемијата со Ковид-19, Министерството за внатрешни работи спроведе повеќе постапки од итност, и тоа:
   1) Рамковна спогодба за Набавка на дезинфекциски средства 4.531.800,00 денари со ДДВ;
   2) Рамковна спогодба за Набавка на респираторни маски, ракавици, заштитни наочари и комбинезони 40.431.520,00 денари со ДДВ;
   3) Рамковна спогодба за набавка на маски за еднократна употреба 68.511.980,00 денари со ДДВ;
   4) Рамковна спогодба за набавка на уред за телесна температура без контакт со тело 590.000,00 денари со ДДВ;
   5) Рамковна спогодба за набавка на Апарат за дезинфекција на раце со 5 литри дезинфекциско средство 1.180.000,00 денари со ДДВ;
   6) Рамковна спогодба за Набавка на маски со ластик за повеќекратна употреба 1.770.000,00 денари со ДДВ;
   7) Договор за набавка на Персонални компјутери 1.803.953,00 денари без ДДВ;


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

8) Договор за Набавка на магнетни налепници (405 комплети) 1.239.000,00 денари со ДДВ;
9) Договор за Набавка на Делови од основна униформа и дополнителна опрема – 600 парчиња опасачи 1.864.400,00 денари;

3. Министерството за внатрешни работи нема користено други механизми за распределба и трошење на буџетски средства како резултат на Ковид – 19.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Одделот за општи и заеднички работи и Одделот за финансиски прашања од каде добивме одговори кои што му ги доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Тони Ангеловски